# ЕНДИ ВОРХОЛ



*(ретроспектива, 17-21 март МСУ)*

Во рамките на вториот Интернационален филмски фестивал, од 17 до 21 март во МСУ беше одржана и кратка ретроспектива на филмското творештво на Pop Art Meister-от Andy Warhol. Беа прикажани пет филма од обемниот филмски опус на овој њујоршки уметник, и тоа: Sleep, Kitchen, My Hustler, Poor Little Rich Girl и Velvet Underground & Nico.

Ворхоловата филмска дејност најчесто се дели на три фази: рана - т.н. нема фаза; звучна - средна фаза и доцна- конвенционална фаза. Првиот филм што беше прикажан во овој циклус Sleep припаѓа на првата фаза. Овој филм, всушност, претставува 50-минутна серија на автентични бакнежи на различни двојки во крупен план. Снимен уште во 1963 година, филмот ги најавува промените и растечките сексуални слободи, кои ќе кулминираат неколку години подоцна. Следните три филма од овој циклус Kitchen, My Hustler и Poor Little Rich Girl се типични претставници на Ворхоловата средна, звучна фаза. Така на пример, во My Hustler се користи методот според кој звукот доаѓа надвор од видното поле на кадарот, од off screen просторот во кој неколку ликови го коментираат она што публиката може да го види. Од нивниот разговор дознаваме дека објектот на нивниот интерес, младиот Пол Америка, е машка проститутка. Карактеристично за сите овие филмови е тоа што речиси не постои монтажа под нивото на ролната, со приближно времетраење од околу 35 минути. Ворхол ги идентификува кадарот, секвенцата и ролната, во целост ги избегнува конвенционалните филмски постапки како резот и елипсата бидејќи „вишата стварност" не постои. „Слушајте ги обичните луѓе и никогаш нема да погрешите", изјави тој во една пригода, а тоа можеби најдобро говори за неговиот однос и разбирање на филмскиот медиум. Ворхол ги чува сите квадрати од филмската лента, дури и оние осветлените со кои се означуваат почетокот и крајот на филмската ролна. Ова е можеби најдоследно сфаќање, издигнато на ниво на концепт за единството на филмското време, што за некои филмски теоретичари претставува „најреволуционерно сфаќање на монтажата по она на Ејзенштајн".







Секако, оваа ретроспектива сопствената кулминација ја имаше со прикажувањето на последниот филм од овој циклус, веќе култниот филмски запис Velvet Underground & Nico. Овој филм претставува еден од култните документарни записи за настап на некој рок бенд. Ги прикажува Velvet Underground во шеесетминутен психоделичен транс и уште еднаш нѐ потсетува на огромното значење и улога што Велветите ги имаат за севкупниот рокенрол. Нивното свирење е проследено со соодветни визуелни постапки: брзи и неочекувани зумирања, дефокусирања, стемнувања и затемнувања во самиот кадар, нагли брзи швенкови, со што овој филмски запис уште повеќе добива на сопствената сугестивност.

И на самиот крај, збор-два и за самите проекции: можеби првите вистински поп арт проекции во Скопје, придружени со неизбежните турканици за влез во МСУ, ситни ексцеси за време на самата проекција (од типот „Жане од Битола да излезе надвор, I'm The Ghost Of Andy Warhol") и најразлични други досетки придонесова за колективен pop feeling. Long live pop art.

Јане АЛТИПАРМАКОВ